Врз основа на член 26 став 3 од Законот за јавни набавки („Сл. весник на РМ“ бр. 27/15, 78/15, 192/15, 27/16, 120/16 и 165/17) директорот на Царинската управа на Република Македонија донесе:

# ОДЛУКА
## за измена и дополна на
## ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ ВО 2018 ГОДИНА НА ЦАРИНСКАТА УПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Со оваа Одлука се врши измена на Годишниот план за јавни набавки за 2018 година бр.05–003388/18-0001 од 12.01.2018 г.
2. Во Годишниот план за јавни набавки за 2018 година, **се менуваат податоците** за набавките со број 2, 7 и 48 од основниот План за јавни набавки за 2018 година, и истите гласат:

| **Бр.** | **Предмет на договорот за јавна набавка/рамковната спогодба** | **Шифра според ОПЈН** | **Очекуван почеток на постапката (месец)** | **Проценета вредност на договорот/ рамковната спогодба без ДДВ (денари)** | **Проценета вредност на договорот/ рамковната спогодба со ДДВ (денари)** | **Вид на постапка** | **Забелешки** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 2. | Набавка на потрошен материјал за лабораторија | | Октомври | 1.822.034,00 | 2.150.000,00 | Отворена постапка | |
| 7. | Набавка на електрична енергија | 09310000-5 | Јуни | 21.186.441,00 | 25.000.000,00 | Отворена постапка | |
| 48. | Одржување на агрегати и УПС уреди | | Јуни | 2.542.373,00 | 3.000.000,00 | Тригодишна набавка | Тригодишна набавка |

3. Одлуката стапува во сила со денот на нејзиното донесување и претставува составен дел на Годишниот план за јавни набавки за 2018 година број 05–003388/18-0001 од 12.01.2018 година.

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Одлуката за измена и дополна на Планот за јавни набавки за 2018 година се прави врз основа на следните доставени барања:

- Барање од Сектор за административни и технички работи, со број 29-063507/18-0001 од 20.07.2018 година со кое е побарано да се изврши само промена на податокот за називот на предметот на договорот за планираната јавната набавка „Одржување на агрегати" (т. 48 во ПЈН), така да новиот назив на предметот на договорт за јавна набавка гласи: „Одржување на агрегати и УПС уреди". Воедно е напоменато дека предметната измена е побарана во корелација со Секторот ИКТ, а другите податоци остануваат непроменети,

- Барање од Сектор за царински систем, со број 13-060568/18-0001 од 13.07.2018 година со кое е побарано да се изврши промена на проценетата вредност на договорот за планираната набавка „Набавка на потрошен материјал за лабораторија" (т. 2 во ПЈН), така да проценетата вредност на договорот изнесува 2.150.000,00 денари со ДДВ наместо 1.500.000,00 денари со ДДВ. Воедно е напоменато дека предметните дополнителни средства се неопходни за набавка на дополнителни хемикалии за нови аналитички методи кои ќе се спроведуваат за време на твининг, и

- Барање од Сектор за АТР – Одделение за управување со гранични премини со кое е побарано за планираната набавка „Набавка на електрична енергија" (т. 7 во ПЈН) да се изврши промена на следните податоци:
  - Проценета вредност на договорот да изнесува 25.000.000,00 денари со ДДВ , наместо 70.000.000,00 денари со ДДВ, и
  - Набавката да биде едногодишна набавка, наместо двогодишна набавка.

Согласно дописот од Секторот за финансиски прашања број број 05-003388/18-0033 од 24.07.2018 година, потребните средства за предметните набавки се обезбедени со буџетот на Царинска управа за 2018 година.

Директор
м-р Гоко Танасоски

Број 05-003388/18 – 0034
Скопје, 24.07.2018 г.
24. 07. 2018

Изработил: Мирјана Станоева
Одобрил: Александар Петковски

Доставено во оригинал до:
- Одделение за јавни набавки,
- Архива

Доставено преку ЕДМС до:
- Директор
- Заменик директор
- Советници на директор
- Сектор за сметководство и финансии,
- Сектор за управување со човечки ресурси
- Сектор за царински систем
- Сектор за ИКТ
- Сектор за контрола и истраги
- Сектор за професионална одговорност
- Сектор за акцизи и нетарифни мерки
- Сектор за правни работи